# ПОСТДИПЛОМСКИ СТУДИИ

# ПО ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ И ЈАВНО ЗДРАВЈЕ

### ИНСТИТУТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ
### УНИВЕРЗИТЕТОТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА ВО ТЕТОВО И СКОПЈЕ

## ШТО Е СТРАТЕШКИ ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ?

Модерниот систем за здравствена заштита се заснова на науката и вештините за превенирање на болестите, продолжување на животот и промовирање на здравјето преку организирани напори на општеството. Оттаму и потребата од нова парадигма за управување со него, а тоа е стратешкиот менаџмент. Оваа парадигма подразбира мобилизација на општетсвените ресурси, вклучувајќи специфични ресурси на системот за здравствена заштита, се со цел унапредување на здравјето на населението.

## КАКВИ СЕ СОВРЕМЕНИТЕ ЗДРАВСТВЕНИ МЕНАЏЕРИ?

- ✓ Современите здравствени менаџери го интегрираат знаењето и акциите преку ефикасни мултидисциплинарни активности, кои покрај лекарите ги обавуваат и другите стручњаци од јавното здравство.
- ✓ Тие се способни да усвојат стратешки пристап заснован на докази од истражувања, ја разбираат здравствената состојба на популацијата и ги анализираат факторите кои го одредуваат здравјето во рамките на комплексните економско-политички услови.
- ✓ Тие неопходно поседуваат вештини за раководење, изградба и примена на информациони системи, маркетинг, политички акции и спроведување на промени кои водат кон унапредување на здравјето.

## ЗОШТО СТРАТЕШКИ ЗДРАВСТВЕН МЕНАЏМЕНТ ВО Р. МАКЕДОНИЈА?

- ✓ Голем дел од предизвиците што стојат на патот кон сигурен, ефикасен и праведен здравствен систем во Македонија (согласно Стратешката визија 2020) навлегуваат во сферата на ефикасниот здравствен менаџмент.
- ✓ Станува се појасно дека постдипломската едукација од областите на клиничките гранки на медицината, не е доволна за успешно обавување на функцијата здравствен менаџер.

## ЗОШТО СТУДИИТЕ НА ИНСТИТУТОТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ СЕ ПОИНАКВИ ОД ОНИЕ НА ДРУГИТЕ ИНСТИТУТИ/ФАКУЛТЕТИ?

Институтот за животна средина и здравје е единствен од ваков вид во Република Македонија. Тој е фокусиран на подобрувањето на животната средина и здравјето во регионот и пошироко. Од своето основање (2005) па се до денес постана препознатлив субјект по своите исклучителни успеси. Покрај едукативната улога, институтот